Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на дел од дневни настани 31.07.2023

Денеска (31.07.2023) во 02.50 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Е.П.(19) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 30.07.2023 во 19.50 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Т.Б.(22) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 30.07.2023 во 21.30 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода В.З.(29) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 30.07.2023 во 21.00 часот на подрачјето на Чаир, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Љ.(23) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 30.07.2023 во 22.55 часот, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода А.П.(42) од Велес, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 30.07.2023 во 23.10 часот на улица „Благоја Тоска" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Е.Б.(31) од тетовски Порој, затоа што кај него и во возилото кое го управувал била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 31.07.2023 во 03.10 часот на улица „Видое Смилевски Бато" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово лишиле од слобода малолетник од Тетово, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. Со малолетникот бил извршен разговор во присуство на родител, а по целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (31 јули) во 04.35 часот на улица „Маршал Тито" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Р.С.(18) од Тетово, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 30.07.2023 во 16.40 часот на Граничниот премин Белановце, полициски службеници го лишиле од слобода Б.Т.(49) од Косово. При проверка на патничко моторно возило „бмв х3" со француски национални ознаки, кое го управувал, било констатирано дека возилото е на стол листа во службената евиденција, односно за него има меѓународна потрага од Интерпол Франција. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (30.07.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 154 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 68 санкции, 15 мерки за возење без возачка дозвола, 13 санкции за возење под дејство на алкохол. Изречени се четири мерки за користење мобилен телефон при возење, седум санкции за некористење сигуносен појас...

Секторот за внатрешни работи Битола во текот на вчерашниот ден (30.07.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот при што изречени се вкупно 144 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 75 санкции, 16 мерки за возење без возачка дозвола, 26 санкции за возење под дејство на алкохол. Изречена е една мерка за користење мобилен телефон при возење, 7 санкции за некористење на заштитна кацига...

На 30.07.2023 во 22.44 часот во СВР Битола било пријавено дека на крстосницата од ул. „Филип Втори Македонски" и ул.„Батаљон Стив Наумов" во Битола се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „шевролет аво", управувано од Н.П.(20) од Битола и патничко возило „бмв", управувано од Л.М.(28) од Битола, двете со битолски регистарски ознаки. Во несреќата, Л.М. се здобила со тешки телесни повреди, додека сопатникот Д.Ј.(35) од Битола се здобил со телесни повреди, констатирани во Клиничка болница Битола. Увид на местото извршила увидна екипа на СВР Битола.

На 30.07.2023 во 17.00 часот во СВР Струмица било пријавено дека на локален пат од село Ново село кон село Мокриево, струмичко, Ѓ.К.(23) од село Добрејци, струмичко, управувајќи патничко возило „бмв" со швајцарски национални ознаки, изгубил контрола и со возилото излетал надвор од патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот В.С. (25) од село Борисово, струмичко, констатирани во Медицински центар Струмица. Увид на местото на несреќата извршила екипа на Полициската станица Струмица.

На 31.07.2023 околу 02.00 часот на плажа во близина на Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода Б.Т.(34) од Охрид. При преглед во возилото „бмв" со охридски регистарски ознаки, кое го управувал, полициските службеници пронашле и одзеле кокаин и марихуана. Подоцна, при претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана и метален грендер со остатоци од марихуана. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Вчера (30.07.2023) во 19.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во пределот на кањон Матка се изгубиле две лица, државјани на Народна Република Кина. Полициски службеници од Полициското одделение Сарај излегле на местото и со брза интервенција и преземени активности за кусо време лицата биле пронајдени во околината на манастирот „Св.Никола Шишевски". Двете лица (машко и женско) биле во релативно добра здравствена состојба, но со знаци на дехидрираност и замор, по што безбедно биле симнати во с.Долна Матка, каде што од страна на екипа од Итната медицинска помош им била укажана лекарска помош, а потоа биле однесени до местото каде престојуваат во Скопје.

На 30.07.2023 во 22.25 часот во СВР Тетово било пријавено дека во двор од куќа на ул.,,107", при семејна забава, биле употребени пиротехнички средства. Полициски службеници излегле на местото и на сопственикот му бил поднесен соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (30.07.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 576 возачи. Од нив 49 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а 12 возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 274 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 302 надвор од населено место.

Во текот на изминатиот викенд, полициски службеници од СВР Куманово спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните прописи, при што на подрачјето на Куманово санкционирани се вкупно 128 возачи, од кои 71 управувале возило со брзина поголема од пропишаната, 25 санкции за возачи кои управувале возило под дејство на алкохол, 15 за управување возило без возачка дозвола, 10 за нерегистрирано возило и 7 мотоциклисти за неносење заштитен шлем.

На 30.07.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 52 прекршоци, од кои 30 надвор од населено место и 22 во населено место. На 30/31.07. во периодот од 22.00 до 04.00 часот била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Притоа биле санкционирани 13 возачи. Санкционирани биле и 20 други видови на прекршоци, од кои 6 за управување возило без возачка дозвола, 5 за возач почетник, 3 за претовар, 5 за некористење сигуносен појас и 1 за непрописно паркирање.

Во текот на изминатиот викенд (29/30.07.2023) во период од 22.00 до 04.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово спровеле акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. За време на контролата биле констатирани и санкционирани 8 прекршоци (ТЕ-6 и ГВ-2). Исто така, на 30.07.2023, во периодот од 16.00 до 21.00 часот, била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачите кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената. Притоа, биле констатирани и санкционирани 37 прекршоци (ТЕ-26 и ГВ-11) пречекорување на максималната дозволена брзина надвор од населено место, од кои 23 се движеле со брзина од 50 до 70 километри на час над дозволеното. За време на контролата биле констатирани и 20 останати прекршоци (ТЕ-10 и ГВ-10). На сите возачи - прекршители им биле изготвени законски предвидените поднесоци, додека возачите кои биле под дејство на алкохол биле исклучени од сообраќај и заедно со оние најбрзите ќе се соочат и со заштитна мерка забрана за управување во период од 3 до 12 месеци зависно од нивото на алкохол во крв или од големината на пречекорената брзина.

На 30.07.2023 во периодот од 16.00 до 21.00 часот, при извршени сообраќајни контроли, полициските службеници затекнале и санкционирале 45 возачи кои во и надвор од населено место управувале моторни возила со брзина поголема од дозволената (Струга-11, Кичево-30, Дебар-04).

На 31.07.2023 во 02.00 часот пред угостителски објект на Спортско-рекреативниот центар „Бијаднини извори" во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода С.К.(25) од Охрид, затоа што се однесувал агресивно кон них додека преземале службени дејствија, при што кај него биле пронајдени и одземени пиштол, нож и 104 дијаболи, кои нелегално ги поседувал. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 30.07.2023 во 04.10 часот во СВР Куманово било пријавено дека на браната Глажња, Ф.Р. (30) од село Никуштак влегол во водите од браната и не излегол. Ангажирани се спасувачки екипи, меѓу кои и нуркачки тимови од САЕ „Тигар" и потрагата по Ф.Р. продолжува.

На 30.07.2023 во 13.30 часот во СВР Скопје, 78 - годишник пријавил дека во скопско бил физички нападнат од неговиот син В.М.(51). По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 30.07.2023 во 20.10 часот, полициски службеници од Полициската станица Драчево го лишиле од слобода Б.Д.(28) од Скопје, затоа што физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија. Во врска со истиот настан, во полициска станица била приведена Б.Д.(47) од Скопје, затоа што се однесувала агресивно кон полициски службеник кој извршувал службени дејствија. Двајцата биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

Вчера (30.07.2023) околу 12.10 часот, вработен во Зоолошка градина Скопје пријавил во СВР Скопје дека угинал коњ. Се преземаат мерки за расчистување на случајот

На 30.07.2023 во 11.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Гази Баба бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Е.И.(56) и С.М.(31) од една страна и И.М.(62) од друга страна, сите од Скопје, при што биле употребени тврд и остар предмет. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 30.07.2023 во 20.30 часот во СВР Скопје, М.Д.(32) од Скопје пријавила дека на подрачјето на Чаир од заталкано зрно било оштетено предното ветробранско стакло од нејзиното патничко возило „киа" со скопски регистарски ознаки. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.07.2023 во 19.40 часот во СВР Скопје, Б.Д.(28) од Скопје пријавил дека околу 16.00 часот, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од едно лице кое со возило му ја прегазило ногата. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.07.2023 во 22.40 часот, М.М.(19) од Кичево во полициска станица пријавила дека на улица „Гемиијска" во Кичево била касната од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет